Акционерско друштво за осигурување и реосигурување
МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
УПРАВЕН ОДБОР
Број 02 - 4080/2
19.04.2024 г.

МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP

Врз основа на член 385 став 1 од Законот за трговските друштва, член 22 став 1 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување "МАКЕДОНИЈА" Скопје - Виена Иншуренс Груп (Друштво), член 163 став 1 точка 1 од Законот за супервизија на осигурување и член 39 став 2 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност (Правила за котација), Управниот одбор на Друштвото, на својата 544[та] редовна седница, одржана на 19.04.2024 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**за свикување на акционерско собрание**

1. Се свикува акционерско собрание на Друштвото.
2. Седницата на акционерското се свикува согласно одредбите од Законот за трговските друштва преку објавување на јавен повик со содржина која се однесува на друштво чии акции котираат на берза, односно на друштво кое согласно одредбите од Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување.
3. Акционерското собрание ќе се одржи на ден **22.05.2024 година (СРЕДА)**, во Скопје, во седиштето на Друштвото на ул.11 Октомври Бр.25, со почеток во **08.00 часот**.
4. Оваа Одлука, заедно со Јавниот повик за свикување на акционерското собрание ќе се објават на СЕИ - НЕТ системот на Македонската Берза за Хартии од вредност согласно Правилата за котација.
5. За донесувањето на оваа ќе се извести Агенцијата за супервизија на осигурување.
6. Оваа Одлука, заедно со Јавниот повик од став 2 ќе се објават на насловната страница на официјалната интернет страница на Друштвото.
7. Јавниот повик, од став 2, со содржина на дневен ред, е составен дел на оваа Одлука.
8. Се задолжува Бошко Андов, Претседател на управниот одбор на Друштвото да ги преземе сите неопходни дејствија предвидени во Законот за трговските друштва и Статутот на Друштвото, а со цел одржување на предметното собрание.
9. Оваа Одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:**

Согласно член 385 став 1 од Законот за трговските друштва, како и член 22 став 1 од Статутот на Друштвото, помеѓу две годишни собранија, кога тоа го бараат интересите на друштвото, може да се свика акционерско собрание. Согласно одредбите од Законот за хартии од вредност Друштвото е со посебни обврски за известување, поради што седницата на предметното собрание ќе се свика согласно одредбите од Законот за трговските друштва кои се однесуваат на друштва со посебни обврски за известување.

Во членот 163 став 1 точка 1 од Законот за супервизија на осигурување е предвидена обврска за редовно известување на Агенцијата за супервизија на осигурување во случај на свикување на собрание на акционери на Друштвото. Членот 39 став 3 од Правилата за котација определуваат дека издавачите од сите подсегменти се должни да го објават јавниот повик за одржување на собрание на акционери на насловната страница од својата официјална интернет страница, во најмалку еден дневен весник, како и на интернет страницата на Берзата преку СЕИ - НЕТ системот.

Поради претходно споменатото се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

УПРАВЕН ОДБОР
**Претседател на управен одбор**

Бошко Андов